Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

18-3594/4
07 APR 2025

Врз основа на член 165 став (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25), министерката за образование и наука донесе

## Решение за поништување на свидетелство

1.Со ова Решение се поништува Свидетелството со дел.бр.08-286/16 од 28.06.2024 година на име Зухра Адемовска, за завршено шесто одделение издадено од страна на Основното Општинско Училиште „11 Октомври" – Куманово.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По издадено задолжение од страна на в.д Директорот на Државниот просветен инспекторат – Скопје бр.31-40/2 од 23.01.2025 година, примено и заведено во Државниот просветен инспекторат – Куманово со Бр.31-15 од 28.01.2025 година, спроведен е вонреден инспекциски надзор во Основното Општинско Училиште „11 Октомври" – Куманово, од страна на државен просветен инспектор.

Од извршениот вонреден инспекциски надзор во делот на издавање на Свидетелство за шесто одделение на ученик кој не полагал одделенски испит, составен е Записник бр.31-15 од 14.02.2025 година – Куманово. Во изготвениот записник, а по утврдена фактичка состојба, од страна на државниот просветен инспектор констатирани се неправилности во работата на субјектот на надзорот Основното Општинско Училиште „11 Октомври" – Куманово, во врска со издавање Свидетелство за шесто одделение за Зухра Адемовска без спроведен одделениски испит, неправилности во однос на водењето на педагошка евиденција и документација за ученичката, како и во однос на започната постапка за поништување на издаденото свидетелство, спротивно на законските одредби од Законот за основното образование, односно утврдени прекршувања на член 144 став 1, член 113 и член 165 став 2 од горенаведениот закон, како и прекршување на член 12 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното образование, каде што директорот ги надминал своите надлежности од членот 113 на Законот за основното образование.

Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Државниот просветен инспекторат извршил и инспекциски надзор во Основното Општинско Училиште „11 Октомври" – Куманово Бр.31-15 од 21.03.2025 година, спроведен врз основа на констатирана состојба од вонредниот инспекциски надзор по задолжение од в.д Директорот на Државниот просветен инспекторат – Скопје бр.31-40/2 од 23.01.2025 година, евидентирана во Записник бр.31-15 од 14.02.2025 година – Куманово и ја констирал потребата од поништување на Свидетелството со дел.бр.08-286/16 од 28.06.2024 година на име Зухра Адемовска за завршено шесто одделение издадено, од страна на Основното Општинско Училиште „11 Октомври" – Куманово.

Во однос на горенаведеното, како и во однос на доставеното Известување со архивски број на Државниот просветен инспекторат Бр.09-15 од 18.02.2025 година и архивски Бр.18-3594/1 од 24.02.2025 година на Министерството за образование и наука и Известувањето со архивски број на Државниот просветен инспекторат Бр.09-15/18 од 24.03.2025 година и архивски Бр.18-3594/3 од 01.04.2025 година на Министерството за образование и наука, а согласно член 165 став 2 од Законот за основното обрзование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот, до Управниот суд на Република Северна Македонија.

Со почит,

Министерка за образование и наука,
проф.д-р Весна Јаневска

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваната
- ООУ „11 Октомври" – Куманово
- до Училишен одбор на ООУ „11 Октомври" – Куманово
- Државен просветен инспекторат
- архивата

Подготвил:Б. Митковски
Одобрил: М. Масникоса

Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk